| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Др.Неџати Јакупи, министер за животна средина и просторно планирање<br>Д-р. Соња Лепиткова, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Лидија Зафировска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање<br>Јадранка Иванова, раководител на сектор во Министерство |

Предлог закон за изменување и дополнување на
Законот за управување со отпадот

Скопје, јуни 2010 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Главната причина за пристапување кон измени и дополнување на Законот за управуавње со отпад („Службен весник на РМ“ бр.68/2004, 107/07, 102/08 и 143/08) произлегоа како резулатат на потребите кои се јавија во досегашната примена на законот и кои наложија определени одредби од законот да се допрецизираат односно направат поприменливи и поприфатливи за субјектите кои се обврзни за примена на овој закон вклучувајќи го и инспекцискиот надзор.

Исто така причина за измени и дополнување на законот е и потребата за усогласување со Законот за животна средина во однос на утврдените мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

Во Законот за управување со отпад прекршоците се поделени и рангирани во општи прекршочни санкции за правни и физички лица и прекршочни санкции според субјекти кои се инволвирани во пооделни фази во целокупниот процес во управувањето со отпадот. Со измените и дополнувањето на законот се воведува постапка за едукација за сторители на неправилности кои се од административна природа и за кои се смета дека со воведувањето на едукација на сторителите ќе се постигне целта за надминување на последиците од сторената неправилност и ќе му се даде можност на сторителот да го корегира своето однесување без при тоа да биде казнет.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со измените и дополнувањата ќе се олесни примената на одредени одреби од Законот за управување со отпад и ќе се овозможи да се намали бројот на поведени прекршочни постапки како и ќе се намалат трошоците кои се појавуваат со водење на постапките. Со примена на постапката за едукација се овозможува лицата кои за прв пат ги сторуваат неправилностите, со добивање на едукација ќе им се овозможува да не ја платат предвидената глоба односно нема да се поведува прекршочна постапка.

Исто така со измените на законот се дава можност за стручно оспособување и надградба на капацитетите на еден поширок круг на субјекти кои се инволвирани во севкупните процеси во управувањето и постапувањето со отпадот.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ
НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Измените и дополнувањата на Законот нема финансиски импликации врз буџетот и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

VI. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

За спроведување на законот треба да се донесат следните подзаконски акти:

1. Правилник за програмата според која се полага стручниот испит и начинот на полагање на стручниот испит од став (8) на овој член, образецот на уверението , ка-ко и висината и начинот на плаќање на надоместокот за полагање на стручниот испит - Член 6 став (15).“

2. Правилник за поблиските услови што треба да ги исполнуваат правни лица што вршат стручно оспособување, начинот на спроведување на стручниот испит, и програмата за обука, рокот на важноста на овластувањето од став (4) на овој член, содржината и формата на сертификатот за стручното оспособување, како и висината на надоместокот и начинот на неговото одобрување - Член 6 став (16).“

3. Правилник за начинот на водење како и формата и содржината на образецот на базата на податоци од став (6) алинеа 5 на овој член - Член 9 став (10)

4. Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата;

5. Правилник за начинот на водење на единствена евиденција на спроведената едукација.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Член 1

Во Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 107/07, 102/08 и143/08), во членот 6 точка 30 се менува и гласи:

"Управител со отпад е лице одговорно за управување и/или постапување со отпад кај правно или физичко лице кое создава, поседува или постапува со отпад".

Член 2

Во член 18 ставот (5) се менува и гласи:

„Планот од став (1) на овој член пред да биде донесен од советот на општините и на градот Скопје, градоначалникот на општините и на градот Скопје го доставува на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина."

Член 3

По член 18 се додава нов член 18-а кој гласи:

„18-а

Регионални планови

(1) Заради регионално управување со отпадот советите на општините и советот на градот Скопје можат да донесат регионален план за управување со отпад, за регионите утврдени со Планот за управување со отпад на Република Македонија.

(2) Регионалниот план за управување со отпадот се донесува за период не помал од три години, а не подолг од шест години.

(3) Градоначалниците на општините од соодветниот регион односно градоначалникот од градот Скопје се одговорни за спроведување на регионалниот план за управување со отпадот за соодветниот регион.

(4) Регионалниот план за управување со отпадот пред да биде донесен од советите на општините односно советот на Градот Скопје, градоначалниците на општините односно градоначалникот на градот Скопје ги доставуваат на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина".

Член 4

Во членот 32 по став (4) се додава нов став (5) кој гласи:

"(5) Пред издавање на дозволата од став (1) на овој член и по извршената проценка на поднесеното барање од став (3) на овој член заедно со потребните документи за

издавање на дозвола, државниот инспектор за животна средина врши увид на лице место за утврдување на исполнетоста на условите за добивање на дозволата согласно овој закон и прописите кои произлегуваат согласно овој или друг закон. На увидот присуствува и претставник од надлежен орган за вршење на стручни работи во областа на животната средина, кој ја води постапката за издавање на дозволата од став (1) на овој член.“

Ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (6) (7),(8), (9) и (10).

Член 5

По членот 32 –а се додаваат два нови члена 32-б и 32-в кои гласат:

„Член 32-б

Одземање на дозвола за складирање третман и/или преработка на отпад

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение за одземање на дозвола за складирање, третман и/или преработка на отпад доколку правните и физичките лица:

- повеќе од трипати во период од три години ги прекршиле минимално-техничките услови за вршење на дејноста складирање,третман и/или преработка на отпад,

- извршиле измени на активностите за кои ја добиле дозволата од член 32 на овој закон.

(2) Против решението од став (1) на овј член може да се поднесе жалба до Комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи од втор степен од областа на животната средина во рок од 30 дена од доставувањето на решениет“„.

„Член 32-в

Одземање на дозвола за трговија со неопсен отпад

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение за одземање на дозвола за трговија со неопсен отпад доколку правните и физичките лица повеќе од трипати во период од три години ги прекршиле условите за вршење на дејноста трговија со неопасен отпад.

(2) Против решението од став (1) на овј член може да се поднесе жалба до Комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи од втор степен од областа на животната средина во рок од 30 дена од доставувањето на решението“.

Член 6

Членот 38 се менува и гласи:

„Управител со отпад

(1) Правните и физичките лица од член 21 став (1) на овој закон се должни да назначат најмалку едно стручно оспособено лице – управител со отпадот.

(2) Управителот со отпад ги врши следните активности :

- се грижи за реализација и ја спроведува годишната програма на правните и на физичките лица ;

- ја следи тековната состојба во управувањето со отпадот;

- се грижи за спроведување и примена на постапките за постапување со отпад согласно овој закон или друг пропис;

- води евиденција и изготвува извештаи и ги спроведува обврските согласно член 39 на овој закон и прописте за управување со отпад;

- изготвува извештаи за поголени незгоди или хаварии кои можат да настанат при постапувањето со отпадот;

- ги информира раководните органи и субјекти на правното или физичкото лице за можните згрозувања на животната средина, животот и здравјето на луѓето, и

- е одговорен за правилното постапувње со отпад.

(3) Управителот со отпад треба да поседува сертификат за стручна оспособеност и уверение за положен стручен испит за вршење на работите за управување и/или постапување со отпад.

(4) Сертификатот за стручна оспособеност се стекнува со завршување на обука за управување и/или постапување со отпад спроведена, од страна на овластено правно лице од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, врз основа на програма за обука.

(5) Овластувањето од став (4) на овој член се издава со важност од најмногу пет години и може да се даде на правно лице кое располага со:

1) простор опремен за одржување на обука;

2) информатичка технологиа за спроведување на обука;

3) стручна литература наменета за обука, и

4) минимум три лица ангажирани за спроведување на обуката со високо образование од областа на правните, техничкит е природните науки, со најмалку пет години работни искуство во областа на животната средина.

(6) За посетување на обука за управување и/или постапување со отпад , како и/или за полагање на стручен испит може да се пријави лице кое има високо образование со тригодишно работно искуство во постапувањето со отпад и/или животната средина или вишо образование со петгодишно работно искуство во постапувањето со отпадот и/или животната средина.

(7) За кандидат за полагање на стручниот испит може да се пријави само лице кои поседува Сертификат за стручна оспособеност.

(8) Уверението за положен стручен испит за вршење на работите за управување и/или постапување со отпад се добива по претходно положен стручен испит, кој се полага пред комисија формирана од министерот кој раководи со органот на државна-

та управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(9) Кандидатот од став (3) на овој член може да го полага стручниот испит без да се стекне со уверение за положен стручен испит се до исполнување на условите во однос на работното искуство.

(10) Кандидатот за полагање на испит плаќа надомест.

(11) Висината на надоместокот од став (10) на овој закон се определува врз основа на реалните трошоци направени за полагање на стручниот испит.

(12) Комисијата од ставот (8) на овој член е составена од пет члена и нивни заменици, кои имаат најмалку пет години работно искуство во областа на управувањето со отпадот и/или животната средина.

(13) Комисијата за својата работа донесува деловник.

(14) На лицето кое го положило стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит за управител со отпад.

(15) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја донесува програмата според која се полага стручниот испит и начинот на полагање на стручниот испит од став (8) на овој член, образецот на уверението , како и висината и начинот на плаќање на надоместокот за полагање на стручниот испит.

(16) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги утврдува поблиските услови што треба да ги исполнуваат правни лица што вршат стручно оспособување, начинот на спроведување на стручниот испит, и програмата за обука, содржината и формата на сертификатот за стручното оспособување, како и висината на надоместокот и начинот на неговото одобрување.“

Член 7

По членот 45 се додаваат нов член 45-а кој гласи:

„Член 45-а

Одземање на дозвола за собирање и за транспортирање на комуналениот и на другите видови неопасен отпад

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение за одземање на дозвола за собирање и за транспортирање на комуналениот и на другите видови неопасен отпад доколку правните и физичките лица повеќе од трипати во период од три години ги прекршиле минимално техничките услови за вршење на дејноста собирање и транспортирање на комуналениот и на другите видови неопасен отпад

(2) Против решението од став (1) на овој член може да се поднесе жалба до Комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи од втор степен од областа на животната средина во рок од 30 дена од доставувањето на решението“.

Член 8

Во членот 66 став (1) во точка 2) по зборот “барател“ се додаваат зборовите: „согласно овој закон и прописите за превоз на опасни материи;“

Во точката 3 по зборот “отпад“ се додаваат зборовите: „согласно овој закон и прописите за превоз на опасни материи;“

Член 9

Во членот 72 во став (6) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

“- да води и да чува база на податоци за следење на повторната употреба и преработка на искористените возила и на целите кои треба да се постигнат со повторната употреба и преработка на искористените возила“.

Во став (7) зборовите “алинеја 4“ се заменуват со зборовите “алинеи 3 и 5“.

По став (9) се додава нов став (10) кој гласи:

„(10) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува начинот на водење како и формата и содржината на образецот на базата на податоци од став (6) алинеја 3 на овој член.“

Член 10

Член 73 се менува и гласи:

„(1) Со медицинскиот отпад се постапува според одредбите за опасен отпад од овој закон и прописите од областа на управувањето со отпадот.

(2) Опасниот отпад од објектите во кои се спроведува здравствена заштита на луѓето го вклучува инфективен, хемискиот, фармацевтскиот отпад, како и цитостатичните лекови, остри предмети и друг вид на опасен отпад.

(3) Програмите за управување со отпад во објектите за здравствена и ветеринарна заштита ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на ветеринарното здравство во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството и министерстот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на ветеринарното здравство го пропишува начинот на постапување со медицински отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад. “

Член 11

Во насловот на членот 75 по зборовите:"и со" се додаваат зборовите:" отпад од".

Член 12

Во член 127 во ставот (1) точката 11) се менува и гласи:

"да утврди дали правните и физичките лица од член 21 став (1) на овој закон имаат назначен Управител за отпад и дали истиот поседува уверение за положен стручен испит согласно со членот 38 од овој закон.

Во точката 35 по зборовите:"и со" се додаваат зборовите:"отпад од".

Член 13

Во член 131 во ставот (1) се додава нова точка 1) која гласи:

„ 1) да утврди дали правните или физичките лица кои вршат дејност трговија со неопасен отпад водат евиденција согласно со членот 32-а став (6) од овој закон;"

Точките 1),2),3),4), и 5) стануваат точки 2),3),4),5) и 6) .

Член 14

Во член 132 во ставот (1) точката 2) се брише.

Член 15

По член 133 се додаваат два нови члена 133-а и 133-б кои глаасат:

„Член 133-а

Постапка за едукација

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор утврди дека е сторена неправилност од член 139 став (1) точка 1 и 2 и став (2) точка 15, член 140 став (1) точка 8, 9 и 11, член 141 став (1) точка 1, 5 и 7, член 142 став (1) точка 1 и 5 и став (2) точка 1, 5 и 7 од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор

(2) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор овластениот инспектор утврди дека е сторена неправилност од член 139 став (1) точка 1, член 140 став (1) точка 11, член 141 став (1) точка 1, 5 и 7, член 142 став (1) точка 1 и 5 и став (2) точка 1 и 7од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор

(3) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот

на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(4) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за животна средина односно овластениот инспектор кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(5) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(6) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(7) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(8) Доколку државниот инспектор односно овластениот инспектор кој го извршил инспекцискиот надзор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) и (2) од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(9) Доколку државниот инспектор односно овластениот инспектор кој го извршил инспекцискиот надзор при спроведување на контроклниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став (1 ) и (2) од овој член поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

(10) Државниот инспекторат за животна средина односно овластениот инспектор кој што извршил инспекциски надзор води единствена евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 133-б

Извештаи

Државниот инспектор односно овластениот инспектор е должен да води евиденција за надзорите и увидите извршени на правните и физичките лица за кои изготвува квартален извештај и истиот го објавува на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина односно на веб страната на општината односно градот Скопје.

Член 16

Во член 139 став (1) точката 8) се менува и гласи:

„не назначи управител со отпад (член 38)"

Броевите пред точките 6),7),8),9),10),11),12),13),14),15),17),18),19),20),21),22),23) и 24) се заменуваат со броевите 5),6),7),8),9),10),11),12),13),14),15),17),18),19),20),21),22) и 23).

Во став (2) во  точка 2) зборот “опасен“ се брише “.

По  точката 2) се додава нова точка 3) која гласи:

„3) Не обезбеди видео надзор на пропишаниот начин (член 32-а став (10)“

Броевите пред точките 3), 4),5) 6),7),8),9),10),11),12),13),14),15),17),18),19),20),21),22),23), 24), 25),26),27),28),29),30),31), 32) и 33) се заменуваат со броевите 4),5) 6),7),8),9),10),11),12),13),14),15),17),18),19),20),21),22),23), 24), 25),26),27),28),29),30),31), 32),33) и 34).

Член 17

Во член 140 во став (3) бројот “6000“ се заменува со бројот “600“.

Член 18

Во член 142-а броевите пред ставовите (13) и (14) се заменуваат со броевите (11) и (12).

Член 19

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди прочистен текс на Законот за управување со отпад

Член 20

Преодни и завршни одредби

(1) Поблиските прописи од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 21

Одредбите од член 6 став (3),(4),(5) и (7) од овој закон, со кој се менува член 38 од Законот за  управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија” бр. 68/04, 107/07, 102/08 и143/08) ќе се применуваат од 30 јуни 2011 година.

Член 22

Влегување во сила

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објаувањето во “Службен весник на Република Македонија“

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со измените и дополнувањето на Законот за управување со отпад ќе се подобрат и допрецизираат правните основи за примена на одредени одредби од законот од страна на субјектите кои се обврзни за примена на овој закон како и поуспешната примена на стратешките и плански документи во областа на управување со отпадот вклучувајќи го и инспекцискиот надзор. Исто така со измените на законот се дава можност за стручно оспособување и надградба на капацитетите на еден поширок круг на субјекти кои се инволвирани во севкупните процеси во управувањето и постапувањето со отпадот што во изминатиот период се покажа како недостаток.
Исто така потреба од измена и дополнување на овој закон е и потребата од примена на мерка која се однесува на воведување на укажување на сторителот на прекршокот со врачување покана за едукација за неправилности, на начин со кој сторителот на неправилноста пред поведувањето на прекршочната постапка се повикува да посети едукација организирана од надлежниот инспектор. Во тој случај се врши воведување на постапка за едукација за сторители на неправилности за сторени неправилности кои се од административна природа и за кои се смета дека со воведувањето на едукација на сторителите ќе се постигне целта за надминување на последиците од сторената неправилност и ќе му се даде можност на сторителот да го корегира своето однесување без при тоа да биде казнет.
Со измените и доплнувањето на законот ќе се олесни примената на Законот за управување со отпад со што ќе се овозможи да се намали бројот на поведени прекршочни постапки како и ќе се намалат трошоците кои се појавуваат со водење на постапките.
Со измените во членот 6 точка 30 се направи допрецизирање на дефиницијата за управител со отпад со текст на законот. Се додава нов член 18-а за регионални планови со цел скратување на постапката за донесување на планот за управување со отпад на општините и градот Скопје, односно избегнување на неусогласеност на истиот согласно Националниот планот за управување со отпад и одредбите на овој закон.

Во системот на издавање на дозволи направени се дополнувања со дорегулирање на законските услови за издавање односно одземање на дозволите при спроведување на инспецискиот надзор.

Со измените на членот 38 се воведува ситем за стручно оспособување и едукација на физички лица кои се инволвирани во севкупните процеси на управување и постапување со отпад. Со тоа се дава можност преку стручно оспособување да се надградат капацитетите а воедно и искористат како новите исто така и постојните кадри со кои се располага во соодветните препријатија и други прави субјекти за

поефикасна примена на законот.

Со останатите измени се врши допрецизирање на одредени одредби од законот(член 8, 9, 10, 11, 13,, 16, 43 став 9 )

Со примена на постапката за едукација утврдена во членот 133-а се овозможува лицата кои за прв пат сторуваат неправилност, со добивање на едукација да им се овозможи да не ја платат предвидената глоба односно нема да се поведува прекршочна постапка. Се додава нов член 133-б за извештаите на Државниот инспектор односно овластениот инспектор кои должен да водат евиденција за надзорите и увидите извршени на правните и физичките лица за кои изготвува квартален извештај и истиот го објавува на веб страната на Министерството.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија со овој Предлог закон, меѓусебно се поврзани и се надополнуваат во сферата на управувањето со отпадот.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување и влегување во сила на законот ќе се обезбеди поуспешна и поефикасна примена на одредени одредби од законот.

Исто така ќе се овозможи преку стручно оспособување да се надградат капацитетите а воедно и искористат постојните кадри со кои се располага во соодветните претпријатија и други прави субјекти за што поефикасна примена на законот.

Со постапката за едукација ќе се овозможува лицата кои за прв пат сториле неправилност, односно повреда претежно од административена природа, да не ја платат предвидената глоба односно нема да се поведува прекршочна постапка односно а со тоа ќе се намалат финасиките импликации на буџетот со водењето на постапката .